**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Посебни услови за осигурување од професионална одговорност на ревизори

УС-опо-рев
18-8-мк

## член 1: воведни одредби

[1] Договорите за осигурување од професионална одговорност на ревизори се склучуваат согласно важечките Општи услови за осигурување од професионална одговорност и одредбите на овие Посебни услови.

[2] Доколку некои од одредбите на Општите услови за осигурување од професионална одговорност се спротивни на одредбите на овие Услови, ќе се применуваат одредбите утврдени во овие Посебни услови.

## член 2: осигурен случај

[1] За осигурен случај согласно овие Посебни услови се смета причинета штета која ревизорот ќе ја предизвика на трети лица при вршење на ревизорска дејност, доколку е последица од незаконско постапување или непостапување на ревизорот согласно прописите кои ја уредуваат ревизорската дејност.

[2] Дали преземените или непреземните дејства на ревизорот се незаконски, утврдува надлежниот суд со правосилна одлука.

[3] Осигурениот случај треба да биде иден и неизвесен. Се смета дека осигурениот случај настанал тогаш кога е сторено дејство, односно настанало пропуштање при вршење на дејност, со кое е предизвикана материјална штета на трето лице.

## член 3: осигурени опасности

[1] Со осигурувањето е покриена одговорноста на осигуреникот за штета поради стручни грешки при извршување на регистрираната дејност на осигуреникот и лицата вработени кај него.

[2] Осигурувачот гарантира со ист опсег и за чиста имотна штета која против осигуреникот ја побаруваат трети лица.

## член 4: неосигурени опасности

[1] Покрај искучувањата кои се предвидени со Општите услови за осигурување од професионална одговорност, осигурувачот не ги покрива оштетните побарувања за штета:

1) која настанала во врска со плаќање на надомест за извршена ревизија;
2) која настанала врз основа на незадолжително советување на осигуреникот;
3) која настанала како последица од злоупотреба на доверливи информации за странката од страна на осигуреникот и лицата вработени кај него;
4) која ја предизвикало трето лице на кое осигуреникот му овозможил да извршува дејност врз основа на својата дозвола за извршување на дејност (давање печат за употреба на трето лице и слично);
5) поради посредување или советување во финансиски, имотни или други економски работи, без разлика на тоа дали тоа се извршува за паричен надомест или бесплатно.

## член 5: обврски на осигурувачот

[1] Ако не е поинаку одредено, осигурувачот ќе исплати заедничка оштета од сите осигурени случаи во една година која изнесува најмногу до двојната договорена сума на осигурување.

[2] Во случај на исплата на  двојна осигурена сума, осигурителното покритие може да се продолжи само ако тоа е посебно договорено. Во тој случај премијата се одредува посебно.

## член 6: право на регрес

[1] Осигурувачот го задржува правото на регрес од осигуреникот во случај кога дополнително ќе се утврди дека штетата е предизвикана со намера, измама или грубо невнимание, а за неа на осигурувачот од страна на осигуреникот не му се презентирани точни и вистинити податоци, односно докази за надомест на штета.